Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**
**Државен инспекторат за труд**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**
**Inspektorati shtetëror i punës**

Архивски број: 09-6382
11.12. 2020 година, Скопје

До: Сојуз на синдикати на Македонија
-Комисија за следење и примена на Општиот колективен договор
Скопје

Предмет Барање толкување

Почитувани,

Државниот инспекторат за труд, кој согласно законот е надлежен да врши надзор над преимената на колективните договори, при инспекциските надзори за исплата за регрес за годишен одмор наидува на одредени нејаснотии кои доведуваат до различна примена на одредбата од член 35 став 1 точка 7 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од обаста на стопанството , поради што согласно член 66 од истиот колективен договор бараме надлежната Комисија да даде толкување на наведената одредба и тоа :

-Со оглед дека услов за стекнување право на регрес е ,,работникот да **работел** најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач ", дали работник кој во 2020 година бил во работен однос но отсуствувал од работа, односно не работел 6 месеци, поради спроведување на мерките за заштита од COVID – 19 ( бремени жени, хронично болни, родители на деца до 10 години ) , има право на регрес за годишен одмор за 2020 година?

- Каков доказ треба да има работодавачот дека настанале потешкотии во работењето , ценејќи ја економско-финансиската состојба на работодавачот?

-На кој начин се врши ,,претходна консултација со Синдикатот на ниво на гранка, односно оддел ", и каков доказ треба да има работодавачот дека тоа е сторено?

-Кој е најнискиот износ на регрес кој работодавачот може да го исплати?

-Од кои нестопански дејности приватни работодавачи немаат обврска за исплата на регрес за годишен одмор?

Бараното толкување на одредбите од Општиот колективен договор ни е неопходно за негова правилна и на единствен начин примена од страна на работодавачите.

Со почит

В.Д. Директор

Јована Тренчевска

Изготвил:Хелен Марианне Стојковска

Одобрил: Злате Стојановски